Снежана Мирасчиева - Елизабета Симоновска

# ИГРАВ ЈАС, СЕГА ИГРАЈ ТИ



# Предговор

## *Идеите и луѓето зад оваа книга*

**Како настана....**

**Публикацијата „Играв јас, сега играј ти“ настана како резултат на долгогодишната соработка со педагогот, воспитувачите и негувателите во ОЈУДГ „Астибо“ Штип. Низ разните форми на соработка, размената на идеи и искуства, воведувањето на иновативни активности и заеднички реализирани проекти, се роди идејата за публикување на нашите теоретски и практични сознанија и искуства. Всушност, идејата е резултат на реализираните обуки на воспитувачите и негувателите за правилна примена на Стандардите за рано учење и развој. Во тој контекст беа организирани повеќе интерни обуки меѓу кои и едукативната работилница на тема „Дидактички игри-од теорија до пракса“. Оттука започна процесот на собирање на игрите во една колекција од функционален карактер која ќе биде водич и извор на инспирација и креативност на оние што ќе ја користат. При изборот на игрите, во целост се водевме од водечките принципи во Стандардите за рано учење и развој кои се темелат на холистичкиот пристап во развојот на детето. Од друга страна, идејата за оваа публикација произлезе од нашата желба да се врати традицијата во современото живеење. Првиот сигурен чекор е воведување на традиционалните детски игри во градинката преку функционалниот спој со современите трендови во воспитно-образовната работа во насока на правилен развој на детето.**

## *Улогата на воспитувачот*

**За примена на игрите во работата со децата, улогата на воспитувачите е исклучително важна. Таа подразбира знаење, вештини и искуство за водач на степен кој соодветствува со возраста на децата во групата во која играта се применува. За ова е потребен креативен и релаксиран воспитувач, кој не смее да биде „маска за незнаење“, туку да биде „одраз“ на солидно подготвено стручно лице и познавач на детската личност и индивдуите кои се членови на одделна воспитна група.**

*Книгата ја наменивме за...*

- **за оние предучилишни работници кои сакаат да ја освежат и подобрат нивната работа;**
- **за наставниците во училиштата;**
- **за мама и тато, дада и бато и**
- **за баба и дедо.**


**Благодариме на...**

**Голема благодарност упатуваме на сите оние кои дадоа несебична поддршка да бидеме истрајни во намерата и желбата на јавноста да ја претставиме убавината, но и секојдневните предизвици, стресови и грижи што ги носи професијата воспитувач. Во оваа прилика ја изразуваме нашата благодарност до директорот на ЈОУДГ „Астибо“во Штип, кој изрази висок ентузијазам, голема искреност и отворена поддршка во создавањето на прирачникот „Играв јас сега играј ти“.**

**Оваа книга ја посветуваме на сите оние кои покажуваат посветеност и почит кон децата.**

*Од авторите*

# БАЛОНОТ СЕ НАДУВА (2 - 4)

**Фатени за рака, децата формираат круг и се собрани во средината, почнуваат да пеат и да го шират кругот:**



**Балонот се надува,**
**пазете дечиња,**
**балонот да не пукне,**
**паууууу**
**и сите деца**
**седнуваат на подот**
**(тревата).**





# Содржина

Кратки воведни напомени ....................................................7
Поим, суштина и значење на играта ..................................7
Играта како средство и метод ..........................................10
Играта и развојот на детето ..............................................11
Играта и когнитивниот развој ...........................................13
Играта и емоционалниот развој ........................................14
Играта и јазичниот развој ..................................................16
Зошто се вредни игрите?! ..................................................16
Класификација на игрите ...................................................17
Видови игри ..........................................................................21
Подвижни игри .....................................................................23
Игри со реквизити ...............................................................35
Игри со пеење .......................................................................49
Бројалки ................................................................................63
Современи игри ....................................................................71
Препораки и сугестии .........................................................95
Литература ............................................................................96
Рецензии ...............................................................................99

Прирачникот „ИГРАВ ЈАС, СЕГА ИГРАЈ ТИ“ нуди можност за оргинален пристап кон играта како техника и ќе ја исполни целта ако се користи како учебник за студентите на Педагошките факултети и како прирачник за воспитувачите во детските градинки, но и за самите родители во домашни услови.

На еден вешт начин авторите укажуваат на фактот дека со играта, како најзначајна детска активност, детето ги учи облиците на комуникација, стекнува самодоверба, создава позитивна слика за себе, ги учи облиците на социјално однесување, создава пријателство, ја јакне емпатијата, ги уредува односите, почитува договорени правила и ограничувања.

проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева

Во време на компјутерска технологија, телевизија, интернет, видео игри, социјални мрежи, се прашуваме: каде играат децата?

Играат во градинка, играат понекогаш, но ретко во маалото, на улицата. Но дали знаат да играат? Кои и какви игри знаат да играат нашите деца? Дали ние како возрасни ги поучуваме и ги запознаваме со она што е наша вековна традиција со играњето, со игрите? Од каде да добиеме сознанија за играта? Токму книгата „ИГРАВ ЈАС, СЕГА ИГРАЈ ТИ“ каталог на дидактички игри - е идеален прирачник кој ќе придонесе за збогатување на сознанијата за дидактичката вредност на играта, но истовремено е и добра можност за запознавање, потсетување на она што се играло, се игра и ќе се игра, ќе го поттикне детското во нас.

проф. д-р Снежана Јованова-Митковска

ПОДАРОК





5310189026193
ISBN 978-608-228-285-5
9786082282855
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
детска радост